И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска
именуван за подрачјето на
Основните Судови
Гостивар и Кичево
ул. Никола Тесла бр. 1
тел. 042 221-510

Образец бр.29

И.бр.1011/21

Извршителот Весна Јакимовска од Гостивар врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Сандра-М Љупчо ДООЕЛ Кавадарци од засновано на извршната исправа ПЛ1.ТС.бр.67/19 од 11.09.2020 на Основен суд Гостивар, против должникот АД Тајмиште Кичево од Кичево на ден 26.11.2024 година го донесува следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на подвижни предмети канцелариска опрема бироа столици плакари компјутери и др. Вкупно 63 ставки. Спецификација на предметите кои се предмет на јавната продажба е достапна кај Извршителот кај што се врши продажбата.

Предметите се оптоварени со следните товари залог

Продажбата ќе се одржи на ден 11.12.2024 година во 10:00 часот во просториите на Извршител Весна Јакимовска, почетната вкупна цена за подвижните предмети е во износ од 302.900,00 ден.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, уплатата треба да ја извршат најкасно еден ден пред продажбата..

Уплата на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот 200001513764435 Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5007007126851 .На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат во деловните простории на адреса ул. 11-ти Септември бр. 76Б 12/1/1 во Кичево.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: Сандра-М Љупчо ДООЕЛ Кавадарци
АД Тајмиште Кичево
Архива на извршител

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.

си